Т-Мобиле Македонија
Акционерско друштво за мобилни комуникации - Скопје
Број 02-61399/2
Датум 31-10-2013

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 02-33407/2/2
Датум 31-10-2013

MKT_GENERAL_ALL

2013000048315

# СПОГОДБА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ

на

Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА,
Акционерско друштво за мобилни комуникации – Скопје

кон

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ,
Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје

## СПОГОДБА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ

Склучена во Скопје, на ден 31 октомври 2013 година помеѓу:

1. **Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации – Скопје**, со седиште на ул: „Кеј 13-ти Ноември" бр. 6, Скопје, Центар, со ЕМБС 5523907, даночен број 4030001415507, претставувано од Претседателот на Одборот на директори, Тило Куш, (**„Друштво коешто се присоединува"**), и

2. **Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје**, со седиште на ул: „Кеј 13-ти Ноември" бр. 6, Скопје, Центар, со ЕМБС 5168660, даночен број 4030997339640, претставувано од Претседателот на Одборот на директори, Оливер Костуранов, (**„Друштво коешто презема", заедно со Друштвото коешто се присоединува се нарекуваат „Страни")**.

## I. ФОРМА, ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВАТА КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПРИСОЕДИНУВАЊЕТО

Друштвото коешто се присоединува и Друштвото коешто презема се сложија да започнат постапка за присоединување, со која Друштвото коешто се присоединува - Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации – Скопје, со седиште на ул.„Кеј 13-ти Ноември" бр. 6, 1000 Скопје, Република Македонија, ќе се присоедини со Друштвото коешто презема - Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации, со седиште на ул. „Кеј 13-ти Ноември" бр. 6, 1000 Скопје, Република Македонија, како негов единствен акционер.

## II. НАЧИН НА КОЈ КЕ СЕ ВРШИ ПРЕНОСОТ НА ИМОТОТ И НА ОБВРСКИТЕ

Имотот и обврските на Друштвото коешто се присоединува ќе се пренесат на Друштвото коешто презема по пат на универзален пренос на целиот имот и обврски. По завршувањето на постапката за присоединување утврдена во член 3 од оваа Спогодба, правниот субјективитет на Друштвото коешто се присоединува му престанува без постапка за ликвидација.

## III. ЦЕЛ И УСЛОВИ ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ

Присоединувањето на Друштвото коешто се присоединува кон Друштвото коешто презема е поттикнато и се спроведува поради економски и пазарни фактори кои во текот на понатамошното работење на Друштвото коешто презема ќе донесат подобри економски резултати и подобрување на деловниот потфат на Друштвото коешто презема т.е. профитот, а со тоа и можност за нови инвестициони потфати.

Со присоединувањето на Друштвото коешто се присоединува кон Друштвото коешто презема ќе се создадат услови во кои Друштвото коешто презема подобро ќе се справува со конкуренцијата на пазарот за електронски комуникации преку конкурентно портфолио на интегрирани фиксни и мобилни производи и услуги. Поконкретно, Друштвото коешто презема би ги стекнало следните придобивки:

- Подобрување на пазарната позиција
- Подобрување на финансиските резултати
- Подобрување на ефикасноста во работењето

- Оптимизирање на оперативните трошоци
- Задоволување на корисничките барања за конвергирани производи од фиксна и мобилна телефонија
- Подобрување на ефикасноста на одлучувањето
- Подобрување на корпоративните процеси
- Подобрување на односите со клиените (еден бренд, едно лице пред корисникот)
- Подобрување на управувањето со трошоците
- Усогласување на корпоративната култура

Како последица на присоединувањето на Друштвото коешто се присоединува сите права и обврски настанати од договорите/зделките склучени од страна на Друштвото коешто се присоединува со други правни субјекти до денот на присоединувањето ќе се сметаат за права и обврски на Друштвото коешто се присоединува, додека сите права и обврски од договорите/зделките склучени по датумот на присоединувањето ќе се сметаат за права и обврски на Друштвото коешто презема.

По завршување на постапката за присоединување, престанува правниот субјективитет на Друштвото коешто се присоединува, односно Друштвото коешто се присоединува се брише од Трговскиот регистар. Со присоединувањето на Друштвото коешто се присоединува кон Друштвото коешто презема им престанува мандатот на членовите на органите на управување на Друштвото коешто се присоединува.

## IV. ВРЕДНОСТ НА АКТИВАТА И ПАСИВАТА

Страните се договорија да извршат процена на вредноста на активата и пасивата на Друштвото коешто се присоединува, при што на 31 јули 2013 година е утврдена следната состојба:

Во денари

| | |
|---|---|
| **Вкупно актива** | **6.854.603.522,00** |
| **Долгорочни и краткорочни обврски** | **2.209.688.506,00** |
| **Капитал и резерви** | **4.644.915.016,00** |

**Прилог: Извештај за извршена проценка** (Проценка на активата и пасивата на Друштвото коешто се присоединува со состојба на 31 јули 2013 година)

Со присоединувањето на Друштвото коешто се присоединува кон Друштвото коешто презема, капиталот на Друштвото коешто презема се предвидува дека ќе изнесува 9.583.887.700,00 денари (девет милјарди петстотини осумдесет и три милиони осумстотини осумдесет и седум илјади и седумстотини денари). За избегнување на сомневање, основната главнина на Друштвото коешто презема нема да се менува.

## V. ДАТУМ ОД КОГА ЗДЕЛКИТЕ НА ДРУШТВОТО КОЕШТО СЕ ПРИСОЕДИНУВА ОД СМЕТКОВОДСТВЕНА ГЛЕДНА ТОЧКА ЌЕ СЕ СМЕТААТ КАКО ДА СЕ ИЗВРШЕНИ ЗА СМЕТКА НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ

Од 1 ноември 2013 година (вклучително) сите зделки на Друштвото коешто се присоединува, од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на Друштвото коешто презема.

Датумот на пресек за книговодствената евиденција на Друштвото коешто се присоединува е 31 октомври 2013 година. Од 1 ноември 2013 година книговодствената евиденција и за Друштвото коешто се присоединува и за Друштвото коешто презема ќе ја води само Друштвото коешто презема.

## VI. ДАТУМ НА КОЈ ЌЕ БИДАТ ЗАПРЕНИ ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Деловните активности на Друштвото коешто се присоединува ќе престанат заклучно со 31 декември 2013 година.

## VII. УСЛОВИ ПОД КОИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРУШТВОТО КОЕШТО СЕ ПРИСОЕДИНУВА ЌЕ ИМ ПРОДОЛЖИ РАБОТНИОТ ОДНОС ВО ДРУШТВОТО КОЕШТО ПРЕЗЕМА

Страните се договорија дека сите вработени и менаџери на Друштвото коешто се присоединува ќе бидат преземени во Друштвото коешто презема, со склучување на нови договори за вработување, задржувајќи ги условите од работниот однос во Друштвото коешто се присоединува што постоеле во времето на завршување на постапката на присоединување.
**Прилог**: Список на сегашни вработени во Друштвото коешто се присоединува.

## VIII. РОК ДО КОЈ ЌЕ СЕ ПОДГОТВАТ ГОДИШНИТЕ СМЕТКИ

Рокот до кој треба да се подготват годишните сметки со состојба на 31 октомври 2013 година на Друштвото коешто се присоединува е 17 ноември 2013 година.
Рокот до кој треба да се подготват годишните сметки на Друштвото коешто презема е 60 дена од уписот на присоединувањето во трговскиот регистар на Република Македонија.

## IX. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ ШТО СЕ ПОТРЕБНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Имајќи предвид дека Друштвото коешто презема ги поседува сите издадени акции во Друштвото коешто се присоединува (во прилог: Акционерска книга на Друштвото коешто се присоединува):

- како последица на постапката на присоединување, нема да се заменуваат или издаваат акции;
- на Друштвото коешто презема нема да му бидат признати посебни права и/или погодности;
- нема да има посебни погодности за членовите на Одборите на директори на Страните;
- Друштвото коешто презема нема да ја зголеми својата основна главнина и Акционерската книга на Друштвото коешто презема нема да се менува.

## X. ДРУГИ ПРАШАЊА ОД ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕС ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИСОЕДИНУВАЊЕТО

Како резултат на присоединувањето на Друштвото коешто се присоединува кон Друштвото коешто презема, има потреба за усвојување на нов Статут на Друштвото коешто презема поради големиот број на промени коишто се направени во текстот на сегашниот Статут на Друштвото коешто презема. Предлогот на Одборот на директори за усвојување на нов Статут на Друштвото коешто презема до Собранието на Друштвото и предложениот нов Статут како негов составен дел се дадени во прилог како составен дел на оваа Спогодба за присоединување.
**Прилог:** Предлог на Одборот на директори за усвојување на нов Статут на Македонски Телеком АД – Скопје и предложениот нов Статут како негов составен дел

## XI. УСЛОВИ ПОД КОИ ЌЕ СЕ ПРЕЗЕМААТ ФИНАНСИСКИ, КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДРУГИ ДОГОВОРИ

Со присоединувањето, сите постоечки договори кои што се склучени од Друштвото коешто се присоединува, а кои се важечки и во сила на денот на бришењето на Друштвото коешто се присоединува од Трговскиот Регистар на Република Македонија, ќе бидат преземени и правата и обврските ќе бидат пренесени на Друштвото коешто презема, под исти услови како тие договори да биле склучени од страна на Друштвото коешто презема.

## XII. УСЛОВИ ПОД КОИ ЌЕ СЕ ПРЕЗЕМААТ ПОВЕДЕНИ СУДСКИ, АДМИНИСТРАТИВНИ И ДРУГИ ПОСТАПКИ

Со присоединувањето на Друштвото коешто се присоединува, сите парнични постапки, вклучувајќи ги сите судски и административни постапки кои се во тек во кои како страна се јавува Друштвото коешто се присоединува ги презема Македонски Телеком АД - Скопје во истата фаза на постапката во која веќе се наоѓаат.

## XIII. БАРАЊА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ И УПИС

Одборот на директори на Друштвото коешто презема и Одборот на директори на Друштвото коешто се присоединува ќе ги објават информациите што се бараат согласно законите во врска со оваа Спогодба во Службениот весник на Република Македонија и најмалку во еден дневен весник. Иако се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва кои ја регулираат постапката за присоединување во посебни случаи, по таквата објава, ќе се свика седница на Собранието и на Друштвото коешто презема и на Друштвото коешто се присоединува со цел да се потврди оваа Спогодба и присоединувањето предвидено со неа.

Оваа Спогодба ќе се стави на увид на сите акционери еден месец пред одржувањето на седницата на Собранијата во седиштето на Друштво коешто презема и во седиштето на Друштво коешто се присоединува.

Најдоцна еден месец пред одржување на Собранието, Страните ќе ја доставаат оваа Спогодба до Трговскиот регистар на Република Македонија за да се изврши предбележба. По извршената предбележба во Трговскиот регистар на Република Македонија, се објавува известување во Службен весник на Република Македонија дека е извршена предбележба и дека оваа Спогодба е достапна за увид.

Друштвото коешто презема ќе ги изврши сите обелоденувања што се бараат согласно законите како Друштво коешто е котирано на Македонската Берза.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Делливост на одредби

Доколку некоја одредба од оваа Спогодба е или стане ништовна, таквата одредба ќе се смета за одделена од останатите и нема да има влијание врз валидноста на останатите одредби се додека може да се исполни главната цел на оваа Спогодба. Доколку главната цел на оваа Спогодба не може

да се исполни, Страните се согласни да ја изменат оваа Спогодба за да може да се исполни нејзината цел.

Важечко право

На оваа Спогодба и на правата на Страните коишто произлегуваат од оваа Спогодба се применуваат и се толкуваат во согласност со законите на Република Македонија.

Целосен договор

Оваа Спогодба и документите на кои се врши упатување во неа претставуваат целосен договор на Страните на оваа Спогодба во однос на нејзиниот предмет.

Нотарска заверка

Оваа Спогодба се составува во форма на нотарски акт.

Измени и дополнувања

Сите измени и дополнувања на оваа Спогодба ќе се вршат во писмена форма, потпишани од двете Страни и соодветно нотарски заверени.

Јазик и примероци

Оваа Спогодба е подготвена на македонски и на англиски јазик, во 4 (четири) истоветни примероци од секоја верзија, по еден за секоја Страна, еден за нотарот и еден примерок за потребите на уписот. Во случај на недоследности ќе преовладува македонската верзија.

**Скопје, 31 октомври 2013 година**

**Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации – Скопје**
Претседател на Одборот на директори
Тило Куш

Т-Мобиле Македонија
АД за мобилни комуникации - Скопје

**Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје**
Претседател на Одборот на директори
Оливер Костуранов

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

Измени внесени од Лингва Експерт

TMMK_GENERAL

3013000036547

BAKER TILLY
MAKEDONIJA

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

ДО

Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД

Скопје

ПРЕДМЕТ: ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА Т-МОБИЛЕ КОН ТЕЛЕКОМ

Почитувани, Во прилог Ви доставуваме извештај од извршената проценка на средствата, капиталот и обврските на Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД , а во врска постапката за присоединување со МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД .

Скопје, 26.08.2013 год.

Друштво за ревизија
БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА

Т-Мобиле Македонија
Акционерско друштво за мобилни комуникации - Скопје

| Примено: | 26-08-2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 05- | 43477/1 | | |

BAKER TILLY
MAKEDONIJA

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

## *ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА, ВЕШТАЧЕЊА И ПРОЦЕНКИ*

## БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА

Проценители: Димитар Андоновски

Рајчо Василов

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВАТА, КАПИТАЛОТ И ОБВРСКИ НА ДРУШТВОТО Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

**Скопје, август 2013**

BAKER TILLY
MAKEDONIJA

Ul. Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 14
Fax: +389 2 2463 06

ДО РАКОВОДСТВОТО НА АД Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД Скопје

**ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА ПРОЦЕНКА**

1.Ние ги извршивме постапките договорени со Вас, а кои се наброени подолу, во врска постапката за присоединување на Друштовото Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД Скопје (друштво кое се присоединува) кон Друштвото кон кое се врши присоединување МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје (друштво кое презема).

2.Ние ги извршивме следниве постапки:

- ги идентификувавме субјектите во постапката на присоединување.

- ја утврдивме вредноста на активата и на пасивата на друштвото коешто се присоединува пред постапката на присоединувањето и

- висината на нивните основни главнини пред присоединувањето и по присоединувањето.

3. По спроведените постапки ние го утврдивме следново:

**3.1. Основни податоци за друштвата:**

3.1.1 Друштво кое што се присоединува и престанува да постои без ликвидација

| | |
|---|---|
| Полн назив | Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА Акционерско друштво за мобилни комуникации Скопје |
| Скратен назив | Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД Скопје |
| Адреса | Ул.Кеј 13-ти Ноември бр.6 Скопје |
| ЕМБС | 5523907 |
| Единствен акционер (сопственик) | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ |
| Основна главнина: паричен влог МКД | 456.654.800,00 |
| непаричен влог МКД | 2.334.797.800,00 |
| ВКУПНО | 2.791.452.600,00 |

3.1.2 Друштво кое презема и продолжува да постои

| | |
|---|---|
| Полн назив | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ - Акционерско друштво за електронски комуникации Скопје |
| Скратен назив | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје |
| Адреса | Ул.Кеј 13-ти Ноември бр.6 Скопје |
| ЕМБС | 5168660 |
| Сопственици | Според акционерска книга |
| Основна главнина: паричен влог МКД | 9.583.887.700,00 |
| ВКУПНО | 9.583.887.700,00 |

3.2.Вредност на активата и пасивата

3.2.1.Вредноста на активата и пасивата која што се пренесува од **друштвото кое што се присоединува на друштвото кое што презема** пред постапката на присоединување е како што следува:

| **Назив** | **Износ** |
|---|---:|
| Нетековни средства | 3,735,828,857 |
| Тековни средства | 3,118,774,665 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **6,854,603,522** |
| Нетековни обврски | 13,083,326 |
| Тековни обврски | 2,196,605,180 |
| **Вкупни обврски** | **2,209,688,506** |
| Запишан капитал | 2,791,452,600 |
| Друг капитал | 1,853,462,416 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **6,854,603,522** |

Значи, на денот на процената состојбата со активата и пасивата е следнава:

- Нетековни средства.............................. 3,735,828,857
- Тековни средства.................................. 3,118,774,665

ВКУПНА АКТИВА 6,854,603,522

- Основна главнина (запишан капитал)......2,791,452,600
- Друг капитал..............................................1,853,462,416
- Вкупно обврски........................................ 2,209,688,506

ВКУПНА ПАСИВА 6,854,603,522

**ЗАБЕЛЕШКА**: Горните состојби се според билансите на ден 31.07.2013 г. Во фаза на конечна консолидација ќе се изврши елминирање на основната главнина на Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА со вложувањето на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ во износ од 2,791,452,600 ден како и меѓусебните побарувања и обврски

3.2.2. Со оглед дека во друштовото кое се присоединува единствен акционер (сопственик) е друштвото кое презема, основната главнина (запишаниот капитал) по присоединувањето ќе биде во висина на основната главнина на друштвото кое презема.

## РЕЗИМЕ НА ПРОЦЕНКАТА

Во постапката на присоединување на друштвото кое што се присоединува Т-МОБИЛЕ АД Скопје кон друштвото кое презема МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје го утврдивме следново:

1.Активата и пасивата на друштвото кое се присоединува на ден 31.07.2013 год. изнесува 6,854,603,522 ден.

2.На ден. 31.07.2013 год. основната главнина (запишаниот капитал) на друштвото кое се присоединува изнесува 2,791,452,600 ден. а основната главнина на друштвото кое презема изнесува 9,583,887,700 ден.

3.Бидејќи сите акции на друштвото што се присоединува ги поседува друштвото кое што презема,односно во основната главнина не вклучуваат сопствените акции на друштвото кое што презема, основната главнина (запишаниот капитал) на друштвото по присоединувањето ќе биде во висина на основната главнина на друштвото што презема во износ од 9,583,887,700 ден.

Значи, нема зголемување на основната главнина, бидејќи акциите на друштвото кое што се присоединува ги поседува друштвото што презема.

Скопје, 23.08.2013 год.

**БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА ДОО**

**Димитар Андоновски,овл. ревизор и проценител**

**Рајчо Василов,овластен сметководител и проценител**

Друштво за ревизија
БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**Кеј 13 Ноември Бр. 6**
**Центар**
**Скопје**

# Акционерска книга
# на ден 27.09.2013

**Печатено** 27.09.2013 08:06:05

| | |
|---|---|
| **ISIN:** | MKMOBI101017 |
| **Стар код за хартии од вредност(ISIN)** | 5523907ОБД01 |
| **Датум на промена на ИСИН:** | 01.01.2004 |
| **Назив на емисијата:** | Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА ОБИЧНИ |
| **Издавач:** | Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА МОБИЛНИ КОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ |
| **ИБ на правно лице:** | 05523907 |
| **Вид:** | Обични акции |
| **Номинална вредност по ХВ:** | 5 EUR |
| **Вкупен број на ХВ:** | 9169244 |
| **Вкупен номинален капитал:** | 45846220 EUR |
| **Број на гласови:** | 9169244 |
| **Состојба:** | Активен |
| **Број на иматели:** | 1 |
| **Број на сопственички позиции:** | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ-СКОПЈЕ | Бр. на сметка: | 1000129200 |
| ИБ: | 05168660 | Вид на сметка: | Сопственичка сметка |
| Седиште | МАКЕДОНИЈА | Сопственост: | 9169244 |
| Адреса: | Кеј 13 Ноември Бр. 6<br>Центар<br>Скопје | | |

Централен депозитар за хартии од вредност ЦДХВ АД Скопје

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 02-33407/1
Датум 31-10-2013

MKT_GENERAL_ALL
2013000048311

Строго доверливо

**Македонски Телеком АД - Скопје**

Врз основа на Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ/Друштвото), Одборот на директори, на својот вонреден состанок одржан на 31.10.2013 година, го донесе следниов:

## Предлог 63/2013
### за усвојување на новиот Статут на Друштвото

**Член 1**

Како резултат на постапката за присоединување на Т-Мобиле Македонија АД - Скопје кон Македонски Телеком АД - Скопје и воведувањето на втор Извршен член на Одборот на директори, потребно е да се усвои нов Статут на МКТ поради големиот број на промени што се направени во текстот на сегашниот Статут на Друштвото, и од таа причина Одборот на директори предлага Собранието на МКТ да ја усвои Одлуката за усвојување на нов Статут на Друштвото, со следната содржина:

„Собранието го усвојува новиот Статут на Друштвото, којшто е даден во прилог како составен дел на оваа Одлука.

Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното усвојување, а ќе се применува од 1 јануари 2014 година."

Предложениот нов Статут на Друштвото е даден во прилог како составен дел на овој Предлог.

**Член 2**

Одборот на директори на МКТ предлага Собранието на МКТ да го вклучи Предлогот за усвојување на Одлуката како точка на Дневниот ред на својата следна седница заради нејзино усвојување.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Оливер Костуранов**

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

Преведено од Лингва Експерт

Арх. Бр. ___________

# СТАТУТ

на

# Македонски Телеком,
# Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје

Јануари, 2014 година

Врз основа на Одлуката за усвојување на новиот Статут на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, Собранието на Друштвото го усвојува следниот:

# СТАТУТ
# на
# Македонски Телеком,
# Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

1.1 Друштвото е основано со Одлука на Владата на Република Македонија за преобразба на Јавното претпријатие за телекомуникации “Македонски телекомуникации” - Скопје (Одлука број 23-3038/1 од 15.12.1997 година објавена во Службен весник број 65/97).

1.2 Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје (Друштвото) е македонско акционерско друштво со едностепен систем на управување.

### Член 2

2.1 Со овој Статут се уредуваат: фирмата и седиштето на Друштвото, предметот на работење на Друштвото, прашањата во врска со основната главнина на Друштвото, органите за управување и раководење на Друштвото, општите акти и постапката за нивно донесување, номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските, ограничувањата и погодностите, постапката за свикување и одржување на Собранието, како и други прашања од значење за Друштвото.

2.2 Покрај одредбите од точката 2.1 на овој член, овој Статут содржи и одредби за прашањата кои, во согласност со Законот за трговски друштва, се уредуваат со Статут.

2.3 Покрај одредбите од точките 2.1 и 2.2 на овој член, Статутот содржи и други одредби значајни за Друштвото, коишто не се забранети со закон.

2.4 Другите прашања што се од значење за Друштвото, а не се уредени со овој Статут, можат да се уредат, во согласност со Законот за трговски друштва и овој Статут, со други акти на Друштвото.

2.5 Доколку некоја одредба од друг акт на Друштвото не е во согласност со овој Статут се применуваат одредбите од Статутот.

## II. ФИРМА, СЕДИШТЕ И ЗАШТИТЕН ЗНАК НА ДРУШТВОТО

### Член 3

3.1 Полниот назив на фирмата на Друштвото гласи:
**Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје**

3.2 Скратениот назив на фирмата на Друштвото гласи:
**Македонски Телеком АД - Скопје**

3.3 Во надворешно трговското работење, називот на фирмата на Друштвото се изразува со латинично писмо на следниот начин:
**Makedonski Telekom AD - Skopje**

3.4 Матичен број на Друштвото е 5168660.

3.5 За било каква промена на називот на фирмата на Друштвото одлучува Собранието на Друштвото.

### Член 4

4.1 Седиштето на Друштвото е во Скопје, на улица "Кеј 13-ти Ноември" број 6, општина Центар.

4.2 За промена на седиштето на Друштвото одлучува Собранието на Друштвото.

### Член 5

5.1 Друштвото има официјален печат во кој е содржан полниот назив на фирмата на Друштвото и логото.

5.2 Големината и дизајнот на печатот ќе биде утврден од страна на Одборот на директори.

### Член 6

6.1 Во својата официјална комуникација, покрај полниот или скратениот назив на фирмата на Друштвото како што е утврдено во член 3 од овој Статут, Друштвото ќе користи корпоративен бренд (лого) утврден од страна на Одборот на директори.

### Член 7

7.1 Друштвото е основано за неопределен период на постоење.

## III. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

### Член 8

8.1 Друштвото е правно лице со права, обврски и одговорности предвидени со овој Статут и Законот.

### Член 9

9.1 Друштвото може да основа друштва и подружници во Република Македонија и во странство. Одлука за основање на друштва и подружници донесува Одборот на директори.

9.2 Друштвото може да учествува во друштва, конзорциуми и други видови на здруженија во Република Македонија и во странство на начин предвиден со закон.

### Член 10

10.1 Друштвото во рамките на своето работење ги врши сите активности кои не се забранети со Закон, освен оние за кои е потребна претходна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган, во согласност со општата клаузула за бизнис .

Во рамките на надворешно-трговскиот промет, Друштвото ќе ги врши сите дејности освен оние за кои е потребна претходна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.

Друштвото може да врши без упис во трговскиот регистар и други деловни активности кои се потребни за извршување на бизнисот и работите од предметот на работење на Друштвото, а коишто не спаѓаат непосредно во рамките на вршењето на работите од предметот на работење на Друштвото.

10.2 Главна дејност на Друштвото е:
**61 Телекомуникации**

10.3 Одборот на директори утврдува кои дејности Друштвото ќе ги врши во своето секојдневно работење, покрај главната дејност.
Одборот на директори донесува Одлука за списокот на дејности кои Друштвото ќе ги врши покрај главната дејност, вклучувајќи и какво било проширување или намалување на делокругот на дејностите.

## IV. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

### Член 11

11.1 Со Правилник за внатрешна организација, донесен од страна на Одборот на директори, се утврдува организацијата на процесот на работа, комисии и други работни тела, како и други прашања од интерес за успешно и ефикасно извршување на работите на Друштвото.

11.2 Со Правилник за внатрешна организација се утврдува организацијата и видот на работите кои се вршат во организациските делови на Друштвото.

11.3 Организациската структура на Друштвото е поставена на следните принципи:
1) Ориентираност кон корисници
2) Креирање на вредност поддржано од концептот "ланец на набавки"
3) Ориентираност кон процеси

### Член 12

12.1 Друштвото е независно правно лице кое настапува самостојно и одговара за обврските кои ги има превземено.

## V. ОСНОВНА ГЛАВНИНА, ВИДОВИ НА АКЦИИ НА ДРУШТВОТО, КОНВЕРТИБИЛНИ ОБВРЗНИЦИ

### Член 13

13.1 Главнината на Друштвото изнесува 9.583.887.733,00 денари (девет милијарди петстотини осумдесет и три милиони осумстотини осумдесет и седум илјади и седумстотини триесет и три денари) поделени во:

(1) 95.838.780 (деведесет и пет милиони осумстотини триесет и осум илјади и седумстотини и осумдесет) обични акции, со номинална вредност од 100 (сто) денари по акција; и

(2) 1 (една) Златна акција што гласи на име, со номинална вредност од 9.733 (девет илјади седумстотини триесет и три) денари, во сопственост на Република Македонија.

### Член 14

14.1 Сите акции на Друштвото гласат на име и нивните сопственици се впишани во акционерската книга.

### Член 15

15.1 Правата и обврските на акционерот се уредуваат во согласност со Законот за трговските друштва, другите применливи прописи и одредбите на овој Статут.

15.2 Акционер на Друштвото може да биде домашно или странско, правно или физичко лице.

15.3 Акционерите на Друштвото ги имаат следните права:

(1) Да гласаат на Собрание на Друштвото (во понатамошниот текст "Собрание"), со тоа што една акција носи право на еден глас;
(2) Да примаат дивиденди, доколку постојат;
(3) Да примаат поврат на капиталот од ликвидационата маса, доколку постои;
(4) Освен во врска со новите акции на Друштвото издадени при конверзијата на конвертибилните обврзници или должнички хартии од вредност во акции, да стекнат и уплатат дел од новите акции издадени при зголемувањето на впишаниот капитал, пропорционално на акционерското учество во впишаниот капитал пред ваквото зголемување;
(5) Да имаат увид во материјалите во врска со дневниот ред на Собранието, врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва;

(6) Да овластат друго лице во пишана форма да ги застапува на Собранието преку полномошно издадено во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва.

15.4 Во случај на зголемување на капиталот преку издавање на нови акции, во случај на задоцнување на плаќањето на запишаните акции, акционерот којшто не ја извршил обврската нема да има право да гласа врз основа на ваквите запишани акции на Собранието во текот на периодот на задоцнување.

15.5 Акционерите имаат право да учествуваат во добивката на Друштвото којашто Собранието ја определува за распределба. Акционерите учествуваат во добивката пропорционално на соодносот на номиналната вредност на акциите впишани на име на релевантниот акционер на датумот на којшто Собранието ја одобрува распределбата на дивиденди.

15.6 Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеци по завршувањето на деловната година.Нема да биде објавена или платена никаква дивиденда во врска со било која финансиска година пред одобрувањето на годишните финансиски извештаи од страна на Собранието за релевантната финансиска година.

15.7 Собранието на Друштвото во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеци, потврдени од овластен ревизор на Друштвото, може да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда.

15.8 По истекот на периодот определен во точка 15.6., дивидендите чијашто исплата не била побарана или претворена во пари или одложените дивиденди, ќе бидат плативи на начин утврден од страна на Одборот на директори или, пред истекот на периодот наведен во точка 15.6. на барање на акционерот, и ќе бидат исплатени на сметка или доставени на назначената адреса на сметка на акционерот.

15.9 Ако над Друштвото била спроведена ликвидациона или стечајна постапка, акционерот има право да добие и да учествува во повратот на капитал, односно распределбата на дел од преостанатата ликвидациона маса на Друштвото.

15.10 Акционерот има право да учествува во повратот на капитал од ликвидационата маса на Друштвото во согласност со точка 15.3. Учеството при поделбата на остатокот од ликвидационата маса се определува на ист начин како и неговото учество во распределбата на добивката.

15.11 На Собранието, акционерот може да бара објаснувања, да дава предлози и може да ги остварува правата предвидени со Законот.

15.12 Акционерите не одговараат со својот личен имот за обврските на Друштвото.

15.13 Друштвото одговара спрема своите доверители со своите средства.

**Член 16**

16.1. Република Македонија е имател на Златна акција, запишана во Акционерската книга на Друштвото.

16.2 Друштвото нема да признае било кој друг имател на Златната акција освен Република Македонија, нејзините застапници и тела и било кој трансфер или претпоставен трансфер на било кое друго лице се смета како ништовен.

16.3 Златната акција ги има следните права:

1) Златната акција се рангира еднакво со Акциите со иста номинална вредност во капиталот на Друштвото во врска со правата на дивиденда и останати распределби, како и за поврат на капитал при ликвидација;

2) Република Македонија треба да биде известена за сите седници на Собранието на Друштвото, и има право да присуствува и гласа на сите Собранија на Друштвото;

3) Ниту едно решение или одлука на Собранието нема да биде полноважна ниту пак ќе произведува правно дејствие доколку Република Македонија, како имател на Златната акција гласа против респективното решение или одлука на било кое Собрание на Друштвото на коешто е предложено таквото решение или одлука во врска со било кое од следните прашања:

1. Создавање, распределба или издавање на акционерски капитал на поинаков начин освен пропорционално на постојното акционерско учество или менување на правата коишто произлегуваат од постоечкиот акционерски капитал (вклучувајќи ја и Златната акција), кога ваквото издавање или менување на правата би резултирало во или би влијаело на промена на Контролата на Друштвото; или

2. Здружување, спојување, одделување, консолидирање, трансформирање, реконструкција, престанок или ликвидација на Друштвото, или усвојување на било кој модел на аранжман одобрен од страна на Судот којшто вклучува износ поголем од 20% (дваесет проценти) од објективната вредност на вкупните средства на Друштвото прикажани според последните ревидирани консолидирани финансиски извештаи на Друштвото, освен кога последователното респективно учество на неговите членови останува (колку што е можно повеќе) неизменето или строго пропорционално на постојното учество; или

3. Менување на основните деловни активности на Друштвото или делокругот на истото коешто вклучува износ поголем од 20% (дваесет проценти) од објективната вредност на вкупните средства на Друштвото прикажани според последните ревидирани консолидирани финансиски извештаи на Друштвото или престанок на работењето на обезбедување на телекомуникациски услуги во, во рамките на и за Република Македонија или селење на дирекцијата на

Друштвото или на основниот центар на контрола и активности на Друштвото на нова локација; или

4. Отуѓување или напуштање на основните деловни активности (определени со Член 10 од овој Статут) или на значајните средства на Друштвото потребни за извршување на овие деловни активности, коешто вклучува во било кој ваков случај износ поголем од 20% (дваесет проценти) од објективната вредност на вкупните средства на Друштвото прикажани според последните ревидирани консолидирани финансиски извештаи на Друштвото; или

5. Дополнување на Статутот на Друштвото на таков начин што се менуваат или поништуваат правата коишто произлегуваат од Златната акција; или

6. Промена на називот на Друштвото.

16.4 Друштвото нема да преземе било кое прашање коешто припаѓа во доменот на претходното и Одборот на директори нема овластување да реши, направи, одобри или примени било кое прашање коешто припаѓа во доменот на претходното, освен со усвојување на одлука или решение на Собранието во чијашто полза Република Македонија како имател на Златната акција гласала потврдно.

16.5 За целите на овој Член, Контрола значи способност да се остваруваат повеќе од 50% (педесет проценти) од правата на глас коишто произлегуваат од обичниот акционерски капитал на Друштвото (освен ако ваквата контрола ја остварува Маѓар Телеком Телекомуникации Акционерско друштво како резултат на создавање, распределба или издавање на акционерски капитал споменато во ставот (1) во претходниот текст.

## Член 17

17.1 Друштвото може да основа фонд од којшто вработените можат да стекнат акции на Друштвото бесплатно или по повластена цена. Акциите коишто вработените можат да ги стекнат од фондот, можат да изнесуваат најмногу до една десеттина од основната главнина.

17.2 Со фондот управува Управен одбор на фондот којшто има 5 члена од кои четири именува Одборот на директори, и еден член именува Синдикалната организација на Друштвото со мандат од две години.

17.3 Користењето и начинот на распределбата на средствата наменети за акции за вработените се уредува со Правилник којшто на предлог од Одборот на директори го донесува Собранието.

17.4 Собранието може да донесе Програма според која вработените ќе можат да стекнуваат акции, одлука за издавање акции наменети за фондот од точката 17.1, како и критериуми за нивната распределба.

### Член 18

18.1 Акциите на Друштвото се запишуваат во акционерска книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, во електронска форма, со форма и содржина утврдена со закон.

18.2 Акциите на Друштвото се издаваат и се пренесуваат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност, во согласност со закон.

18.3 Во Акционерската книга се внесуваат следните податоци: за физичко лице - име и презиме, адреса и единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), односно број на пасош за странско лице и за правно лице - назив на друштвото, адреса и матичен број на правното лице, како и други податоци согласно Законот.

### Член 19

19.1 Друштвото може да издава хартии од вредност.

19.2 Друштвото може, до износот на половина од основната главнина, да издава обврзници кои на барање на сопственикот на обврзниците можат да се претворат во акции (конвертибилни обврзници).

19.3 Друштвото може да издава обврзници што, во случај на зголемување на основната главнина, обезбедуваат право на првенствено купување на нови акции кои подоцна ги издава Друштвото (обврзници кои обезбедуваат право на првенствено купување).

19.4 Друштвото може да издава конвертибилни приоритетни акции кои носат определени приоритетни права и права на конверзија, откупливи конвертибилни приоритетни акции и конвертибилни приоритетни акции и конвертибилни обврзници со фиксен износ.

19.5 Друштвото може, во согласност со закон, да склучува опциски договори за купување и за продажба на акции и на обврзници и фјучерс договори на начин и според условите определени во овој Статут.

19.6 Друштвото може, во согласност со Законот, да се стекнува со свои сопствени акции.

## VI. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

### Член 20

20.1 Органи на Друштвото се: Собрание на Друштвото и Одборот на директори.

## 1. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

### Член 21

21.1 Собранието на Друштвото, при вршењето на правата и обврските одлучува само за прашања кои со закон и со овој Статут се утврдени како прашања што спаѓаат во надлежност на Собранието на Друштвото, и тоа:

1) Измени на Статутот на Друштвото;
2) Одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работа на Друштвото во претходната деловна година, одлучување за распределба на добивката и определување на износот и начинот на плаќање на дивидендите;
3) Определување на начинот на покривање на загубите направени во пресметковниот период, дополнително одобрување на начинот на користење на средствата од резервниот фонд;
4) Избор и отповикување на членовите на Одборот на директори и утврдување на надоместокот кој ќе им се исплаќа на неизвршните членови на Одборот на директори за нивната работа;
5) Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори;
6) Менување на видот и класата на акциите и промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
7) Зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;
8) Издавање акции и други хартии од вредност;
9) Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
10) Преобразба на Друштвото во друга форма на Друштво и за статусните промени на Друштвото;
11) Одобрување на големи зделки согласно член 51-55 од овој Статут;
12) Измени на структурата на имотот на Друштвото, ако сметководствената вредност на релевантниот дел од имотот, засегнат со измената, надминува 10 % (десет проценти) од нето вредноста на имотот на Друштвото, утврдена во неговите последни финансиски извештаи;
13) Престанување на Друштвото;
14) Други прашања утврдени со закон или со Статутот на Друштвото;
15) Усвојување на Деловник за својата работа

21.2 Собранието на Друштвото не може да одлучува за прашања од областа на управувањето и водењето на работата на Друштвото, што спаѓаат во надлежност на Одборот на директори.

### Член 22

22.1. Годишното собрание го свикува Одборот на директори најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно собрание.

22.2. На Годишното Собрание на Друштвото се:

1) разгледува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото и донесува одлука за нивно усвојување;
2) одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата; и
3) одлучува по однос на одобрувањето на работата на членовите на Одборот на директори, и тоа за секој од членовите на Одборот на директори поединечно. Ако Собранието на Друштвото не ја одобри работата на сите членови на Одборот на директори, тоа може да одлучи да пристапи кон избор на нови членови на Одборот на директори. Ако Собранието не ја одобри работата на некои од членовите на Одборот на директори, тоа може да одлучи да пристапи кон избор на нови членови на местото на оние на кои истиот не им ја одобрил работата.

22.3 Ако Годишното Собрание на Друштвото не биде свикано или ако од било кои причини не се одржи во рокот определен во точка 22.1 од овој член, одлука за свикување на годишно собрание може да донесе судот на предлог на било кој акционер.

22.4 Собранието избира Претседавач со седницата на Собранието (во понатамошниот текст "Претседавач со Собранието") од редот на акционерите или лице коешто застапува акционер. За Претседавач со Собранието не може да биде избран член на Одборот на директори на Друштвото. Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на Собранието. Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно собрание. Мандатот на Претседавачот со Собранието трае до изборот на Претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано.

### Член 23

23.1 За работата на Собранието на Друштвото се води записник.

23.2 Записникот се подготвува во рок од 8 (осум) дена од денот на одржувањето на Собранието, и него го потпишуваат записничарот и Претседавачот на Собранието.

23.3 Ако Собранието на Друштвото одлучува за измена на податок кој согласно со Законот за трговски друштва се запишува во трговски регистар, записникот од Собранието го води нотар.

23.4 Собранието на Друштвото подетално ќе го уреди неговото работење и начинот на донесување на одлуки со посебен Деловник за работа.

### Член 24

24.1 Седниците на Собранието на Друштвото ги свикува Одборот на директори, согласно одредбите од Законот за трговски друштва. Исто така, седницата може да биде свикана на барање на акционерите коишто поседуваат 1/10 (една десетина) од сите акции со право на глас, коешто барање треба да го поднесат до Претседателот на Одборот на директори. Одлуката на Одборот на директори за одбивање на барањето мора да ги содржи

причините за таквата одлука.

24.2 Во случај седница на Собранието на Друштвото да не биде свикана во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите коишто поседуваат најмалку 1/10 (една десетина) од сите акции со право на глас, истата се свикува по одлука на судот, со којашто акционерите коишто барале свикување на седница, или нивните застапници, се овластуваат да ја свикаат седницата, како што е утврдено во Законот за трговски друштва.

24.3 Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Одборот на директори не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до судот.

24.4 Седницата на Собранието на Друштвото се свикува со покана.

24.5 Поканата за седницата треба да ги содржи барем следните информации:

1) Назив и седиште на Друштвото;

2) Место, датум и време на седницата на Собранието на Друштвото;

3) Известување за формалностите кои мора да се почитуваат за да можат акционерите да присуствуваат и да гласаат на Акционерското собрание, во согласност со овој Статут и Законот;

4) Предложениот дневен ред;

5) Начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за Собранието коешто е свикано.

24.6 Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата.

**Член 25**

25.1 Покана за свикување на седница на Собранието на друштвото се доставува до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на Собранието коешто се свикува. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.

25.2 Испраќањето на поканата се врши на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер.

25.3 Рокот којшто тече од денот на испраќањето на поканата за учество на Собранието до денот на одржувањето на Собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на Собранието.

25.4 Одборот на директори го определува денот (датумот на евиденција) којшто ќе го користи за испраќање покани според изводот од акционерската книга, којшто не може да биде подолг од три дена.

## Член 26

26.1 На седницата на Собранието на Друштвото може да се донесуваат одлуки доколку истата е свикана во согласност со законите и Статутот и доколку има кворум за работа.

26.2 Доколку нема кворум, се закажува нова седница во рамките на период од 15 (петнаесет) дена и истата се смета како законска без оглед на застапените акции.

## Член 27

27.1 Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

27.2. Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен кога со Законот за трговски друштва и со овој Статут не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на Собранието.

## Член 28

28.1 Собранието одлучува со јавно гласање. За броењето на гласовите Собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

28.2 Изборот на член на Одборот на директори или отповикување на член на Одборот на директори се врши со јавно гласање.

28.3 По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

## Член 29

29.1 Кога Собранието одлучува со тајно гласање, гласањето го спроведува Комисија за спроведување тајно гласање избрана со одлука на Собранието. Комисијата мора да биде составена од три члена. Во Комисијата не може да се избере акционер, односно друго лице кое е член на Одборот на директори ниту Претседавачот со Собранието на коешто се врши тајното гласање. Комисијата за спроведување тајно гласање е должна да работи непристрасно и праведно.

29.2 Комисијата работи и тајното гласање се спроведува согласно Законот за трговски друштва.

29.3 Покрај одржувањето на седници со лично присуство, Собранието на Друштвото може да дозволи акционерите да гласаат и да одлучуваат и по пат на одржување на седници преку конференциска врска, во согласност со Законот за трговски друштва.

29.4 Одлуките на Собранието на Друштвото влегуваат во сила со денот на нивното донесување, освен ако во Одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

## 2. ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО

### Член 30

30.1 Одборот на директори на Друштвото се состои од четиринаесет (14) члена, од кои дванаесет (12) Неизвршни членови и двајца (2) Извршни членови.

30.2 Пред да се пристапи кон избор на член на Одборот на директори на Друштвото, на Собранието на Друштвото му се обезбедуваат податоците за секој кандидат утврдени со закон, најдоцна 7 дена пред денот на избор.

30.3 Членовите на Одборот на директори на Друштвото ги избира Собранието на Друштвото, со мандат од четири (4) години.

30.4 Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани, без разлика на тоа колку мандати претходно биле избирани во Одборот на директори.

30.5 Четворица од дванаесетте Неизвршни членови на Одборот на директори ќе бидат избрани како Независни членови на Одборот на директори, во согласност со законските услови.

30.6 За Извршен член на Одборот на директори не може да биде избран член на Одборот на директори кој е избран како Независен член.

30.7 Двајцата Извршни членови ќе бидат избрани од Одборот на директори, од постоечките членови на Одборот на директори назначени од Собранието на Друштвото, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори.

30.8 Одборот на директори ќе одлучи кој од избраните Извршни членови ќе биде одговорен за водење на работењето на Извршните членови и на чиј предлог Одборот на директори ги утврдува внатрешната организација и начинот на којшто се врши координацијата на водењето на работењето на друштвото. Така избраниот Извршен член ќе биде Главен извршен директор на Друштвото. Вториот Извршен член ќе биде Главен оперативен директор на Друштвото.

### Член 31

31.1 Одборот на директори на Друштвото, од редот на Неизвршните членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори, избира Претседател на Одборот на директори.

31.2 Претседателот на Одборот на директори:

1) ги свикува состаноците на Одборот на директори,

2) го утврдува Дневниот ред и раководи со состанокот на Одборот на директори,

3) го организира и надгледува функционирањето на Одборот на директори и неговите комисии,

4) се грижи за соодветно и благовремено доставување на информации и материјали потребни за работа на Одборот на директори, и

5) се грижи за правилно, ефикасно и благовремено вршење на овластувањата што со овој Статут и Законот за трговски друштва му се доверени на Одборот на директори на Друштвото.

31.3 Во случај на отсуство на Претседателот, со состанокот ќе претседава Неизвршен член избран за Потпретседател на Одборот на директори.

31.4 Ако и Потпретседателот на Одборот на директори не е во можност да претседава со состанокот, Одборот на директори ќе избере претседавач од своите членови на самиот состанок, со мнозинство гласови од присутните членови.

## Член 32

32.1 Со исклучок на овластувањата доделени на Собранието, Одборот на директори на Друштвото има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето за чие остварување ги има следните надлежности:.

1) Утврдување на деловната политика на Друштвото;
2) Усвојување на Годишниот Бизнис план и усвојување на повеќе-годишните Стратешки планови на Друштвото и давање на насоки за нивно извршување;
3) Утврдување и менување на основите на внатрешната организација на Друштвото, преку утврдување на организациската структура на високите нивоа на Друштвото, до ниво на областите со кои раководат Главните директори и секторите со кои раководат Директорите, донесување на Правилникот за внатрешна организација на Друштвото, како и општиот дел на Правилникот за систематизација на работни места на Друштвото;
4) Усвојување на одлуки за затворање (престанување) или пренос на друштво или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;
5) Усвојување на одлуки за основање и престанок на трговски друштва;
6) Усвојување на одлуки за основање и престанок на подружници на Друштвото;
7) Воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;
8) Усвојување на попис на имотот;
9) Утврдување на потреба од нови вработувања преку утврдување на нивниот вкупен број за секоја деловна година, во рамките на Бизнис планот на Друштвото;
10) Назначување и разрешување на Главните директори и Раководните директори во Друштвото како лица со посебни овластувања и одговорности во Друштвото (раководни лица);
11) Склучување на Колективен договор со Синдикалната организација на Друштвото;
12) Утврдување на економски, технолошки и организационен вишок на вработени;
13) Одобрување на сите прашања кои резултираат во обврска за плаќање од страна на Друштвото која надминува 1 милион евра или еквивалентен износ во било која друга валута (без ДДВ), но помала од 20% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото;
14) Одобрување на големи зделки, односно зделки кои се однесуваат на имот чија вредност е проценета на повеќе од 20%, а помалку од 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, во согласност со постапката утврдена во Законот за трговски друштва;
15) Утврдување и одобрување на Годишните цели на Друштвото и остварувањето на Годишните цели;
16) Одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи пред тие да бидат доставени на усвојување до Собранието;
17) Дава препораки до акционерите за распределбата на приходите заработени со работењето на Друштвото и покривањето на загубите;

18) Донесува одлуки за вложувања кои не се предвидени во годишниот Бизнис план;
19) Одлучува за расходување и продажба на основни средства на Друштвото чија поединечна пазарна вредност надминува 50 илјади евра (без ДДВ), но не повеќе од износот утврден во овој Статут за големи зделки.
20) Водење грижа за извршување на одлуките на Собрание на Друштвото.
21) Врши и други активности предвидени со Закон и овој Статут

32.2 За сите погоре наведени надлежности, Одборот на директори одлучува со донесување на посебни одлуки во писмена форма, кои по усвојувањето ќе бидат потпишани од Претседателот на Одборот на директори или лицето кое претседавало со состанокот.

## Член 33

33.1 Одборот на директори на Друштвото ќе одржува состаноци најмалку еднаш во секои три месеци, но по потреба, Одборот на директори може да се состане во секое време, во согласност со одредбите од овој Статут.

33.2 Состаноците на Одборот на директори ги свикува Претседателот, по сопствена иницијатива, по иницијатива на било кој од Извршните членови на Одборот на директори или по иницијатива на кој било од Неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото.

## Член 34

34.1 Одборот на директори ќе може да работи и да донесува одлуки доколку на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, односно најмалку седум (7) члена. Ако не е обезбеден кворумот за работа, свиканиот состанок се презакажува за време не покусо од пет работни дена од денот на првобитно закажаниот состанок.

34.2 Одлуките ќе бидат донесени со мнозинство на гласови од присутните членови, освен ако со закон и со овој Статут не е определено поголемо или друго мнозинство.

34.3 Гласот на Претседателот, односно на Потпретседателот или друг председавач во случај на негово отсуство, нема да биде одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

34.4 Одлуките на Одборот на директори на Друштвото влегуваат во сила со денот на нивното донесување, освен доколку поинаку не е определено во самата одлука.

## Член 35

35.1 Одборот на директори може да одржува и состаноци преку конференциска телефонска врска. Учеството на ваквите состаноци се смета за лично учество на лицата кои се вклучени на ваков начин.

## Член 36

36.1 За состаноците на Одборот на директори се води записник.

36.2 Записникот од состанокот ќе биде изготвен во рок од три работни дена по денот на одржувањето на состанокот и ќе биде доставен до сите членови на Одборот на директори по електронски пат.

36.3 Записникот, по неговото усвојување на наредниот редовен состанок на Одборот на директори, го потпишуваат сите членови на Одборот на директори кои биле присутни на состанокот на кој се однесува записникот.

## Член 37

37.1 Одборот на директори има право да донесува заклучоци и одлуки во писмена форма без одржување на состанок, кои ќе бидат доставени до неговите членови во електронска форма. Ваквите заклучоци или одлуки ќе се сметаат за усвоени доколку сите членови на Одборот на директори достават потпишана копија од одлуката која се донесува без одржување на состанок, како доказ дека се согласуваат со нејзината содржина. Доставувањето на потпишаната копија може да се врши во оригинал, по телефакс или по електронски пат.

37.2 За сите одлуки донесени на начин утврден во претходниот став ќе биде подготвен записник, кој го потпишуваат Претседателот на Одборот на директори и записничарот, најдоцна во рок од 30 дена од денот на усвојувањето на одлуката која е донесена без одржување на состанок.

37.3 Одлуките донесени согласно овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на сите членови на Одборот на директори, освен ако со одлуката не е утврден друг момент за влегување во сила.

## Член 38

38.1 Одборот на директори подетално го уредува своето работење и начинот на донесување на одлуки со посебен Деловник за работа.

## Член 39

39.1 Одборот на директори може да формира комисии како свои советодавни/ помошни тела, од редот на своите членови и од други лица (како: Одбор за ревизија, Колегиум за наградување и др.) и ги уредува нивните надлежности, состав и активности.

39.2 Сите предлози/препораки на комисиите подлежат на одобрување од страна на Одборот на директори.

39.3 Вака оформените комисии не можат да одлучуваат за прашања кои со закон или со овој Статут се во надлежности на Одборот на директори.

## Член 40

40.1 Секој член на Одборот на директори овластувањата кои му се дадени со закон и со овој Статут ги врши лично, во интерес на Друштвото со внимание на уреден и совесен трговец.

40.2 Член на Одборот на директори не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на Одборот на директори или на било кое друго лице.

40.3 Членовите на Одборот на директори ќе бидат обврзани да ги чуваат како деловна тајна сите известувања и податоци кои на било кој начин се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи. Оваа обврска продолжува да трае и 5 (пет) години по престанувањето на нивниот мандат во Одборот на директори.

40.4 Членовите на Одборот на директори кои ќе ги прекршат своите обврски во однос на Друштвото ќе бидат солидарно одговорни за предизвиканата штета, ако не работеле и

постапувале со внимание на уреден и совесен трговец. Во случај на спор, членовите на Одборот на директори мора да докажат дека дејствијата ги презеле со внимание на уреден и совесен трговец.

**Член 41**

41.1 За секој договор или друга деловна активност на Друштвото во која член на Одборот на директори, раководно лице или нивни блиски лица во смисла на Законот за трговски друштва има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва во однос на одобрување на зделки со заинтересирана страна.

41.2 Ако член или заинтересиран член на Одборот на директори дојде до сознание дека се исполнети условите од ставот 1 погоре и од Законот, должен е веднаш за тоа да го извести Одборот на директори.

41.3 Заинтересираниот член ќе има право да даде свое објаснување, но не и да учествува во дискусијата или во донесување на одлуката во врска со договорот или со другата правна работа.

41.4 Зделките со заинтересирана страна извршени спротивно на одредбите од Законот за трговски друштва се ништовни.

**Член 42**

42.1 Собранието може да ги отповика сите или некои од членовите на Одборот на директори и пред истекот на времето за кое биле избрани.

42.2 Извршен член може да биде отповикан и од страна на Одборот на директори на Друштвото. На отповиканиот Извршен член му мирува својството во Одборот на директори до наредната седница на Собранието, на која ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за кој е избран.

42.3 Доколку Одборот на директори на Друштвото донесе одлука за отповикување на Извршен член, ќе именува привремен Извршен член од постојните членови на Одборот на директори, кој ќе ја врши оваа функција до донесување на конечна одлука за избор на нов Извршен член од страна на Одборот на директори на Друштвото.

**Член 43**

43.1 Член на Одборот на директори може да поднесе писмена оставка до Одборот на директори во било кое време.

43.2 Потписот на членот на Одборот на директори на известувањето за оставката се заверува кај нотар.

43.3 По поднесената оставка не се одлучува за нејзино прифаќање, туку врз основа на така дадената оставка се поднесува пријава за бришење во трговскиот регистар на членот на Одборот на директори.

**Член 44**

44.1 Со исклучок на овластувањата за кои со Законот за трговски друштва и со овој Статут изречно е определено дека ги врши Одборот на директори или Собранието, избраните

Извршни членови го водат и се одговорни за работењето на Друштвото и имаат најшироки овластувања да ги вршат сите работи сврзани со раководењето, примената на законите и другите прописи, извршувањето на секојдневните активности на Друштвото и да дејствуваат во сите околности во името на Друштвото, во рамките на ограничувањата утврдени од страна на Одборот на директори или овој Статут.

44.2 За извршување на нивните овластувања, Извршните членови на Одборот на директори, како Главен извршен директор и Главен оперативен директор на Друштвото, ги имаат особено следниве надлежности и обврски да:

1) Предлагаат деловна политика и ја водат утврдената деловна политика;
2) Предлагаат планови и програми на Друштвото;
3) Спроведуваат одлуки на Одборот на директори;
4) Раководат со работењето на Друштвото;
5) Предлагаат внатрешна организација на Друштвото во делот кој спаѓа во предмет на одлучување на Одборот на директори,
6) Ја утврдуваат деталната внатрешна организација на Друштвото во делот кој е под доменот на одлучување на Одборот на директори;
7) Вршат избор на лица кои ќе засноваат работен однос во Друштвото и ги склучуваат договорите за работа со тие лица, одлучуваат за унапредување или уназадување на вработените од нивните постоечки позиции и одлучуваат за престанок на работниот однос за поединечни вработени, во согласност со важечкиот Закон за работни односи;
8) Ги именуваат, разрешуваат и ги определуваат одговорностите на Менаџерите (вработени со посебни овластувања на пр. директори, раководители) кои вршат секојдневно управување со работењето на Друштвото во согласност со одлуките, упатствата и наредбите на Извршните членови на Одборот на директори;
9) Одлучуваат за распределување на работници во согласност со потребата на процесот на работа;
10) Ги утврдуваат цените на производите / услугите на Друштвото;
11) Одлучуваат за расходување и продажба на основни средства на Друштвото чија поединечна пазарна вредност не надминува 50 илјади евра (без ДДВ);
12) Одлучуваат за основање на советодавни тела (Менаџмент колегиум и др.) заради поефикасно остварување на нивните законски и статутарни обврски;
13) Ги водат другите работи во врска со раководењето, спроведувањето на тековните активности и застапувањето на Друштвото, како и оние работи кои согласно со Закон се пренесени врз нив од страна на Одборот на директори.

44.3 Освен за прашањата дефинирани погоре, Главниот извршен директор ќе биде посебно одговорен по однос на сите останати прашања поврзани со вработените и односите со нив.

44.4 Доколку Извршните членови не можат да се согласат за некое битно прашање кое им е дадено во надлежност со овој член, Главниот извршен директор ќе има право и обврска конечно да одлучи за таквите прашања, ќе има обврска истовремено да го извести Одборот на Директори и да ги образложи причините за таквата одлука.

## Член 45

45.1 Надлежностите и обврските утврдени во Член 44.1 и 44.2 ги сумираат заедничките права и обврски на Извршните членови на Одборот на директори. Сепак, во секојдневните активности:

- **Главниот извршен директор** – ќе ги одржува и подобрува односите и соработката со овластените државни институции како и со другите надворешни лица или институции кои се важни за правилно и ефикасно работење на Друштвото, водење на работењето на Извршните членови, координација и надгледување на работата на другите избрани Главни директори/ Раководни директори и Директори на Друштвото по однос на делокругот на нивните активности во рамките на областите/секторите кои ги раководат.

- **Главниот оперативен директор** – особено ќе се фокусира на надгледување на вообичаените тековни деловни активности на Друштвото со давање насоки и наредби на вработените по однос на функционирањето на Друштвото, во рамките на насоките поставени од Одборот на директори на Друштвото во согласност со позицијата на Главниот извршен директор утврдена во овој Статут.

## Член 46

46.1 Доколку било кој од Извршните членови на Одборот на директори е спречен да ги извршува неговите функции за период подолг од еден (1) месец, Одборот на директори, без било какво одлагање, ќе именува друг Извршен член од постојните членови на Одборот на директори.

## Член 47

47.1 Друштвото го застапуваат Извршните членови на Одборот на директори.

47.2 Потпишувањето во име на Друштвото на договори, спогодби и други правни дела со кои Друштвото презема обврски ќе се врши заеднички со два потписа. Прв потписник е Главниот извршен директор, а втор потписник е Главниот оперативен директор. Во случај на несогласување помеѓу Извршните членови кое не може да се реши помеѓу нив, Главниот извршен директор има обврска веднаш да го ескалира прашањето до Одборот на директори кој ќе донесе конечна одлука во однос на несогласувањето.

Бидејќи овие прашања произлегуваат од секојдневното работење, тие треба да се третираат како итни и Одборот на директори треба да донесе одлука во рок од 2 недели. Таквата одлука на Одборот на директори треба да биде задолжителна и спроведена од страна на Извршните членови на ОД.

47.3 Во случај на отсуство на еден од Извршните членови на Одборот на директори, тој/таа може да издаде полномошно, со важност од најмногу 1 (еден) месец, на еден од Главните директори, Раководните директори или Директори во Друштвото за потпишување на договори, спогодби и други правни дела, за чие потпишување отсутниот Извршен член е соодветно овластен согласно законот и овој Статут.

47.4 Главниот извршен директор и Главниот оперативен директор можат да издадат полномошно на друго лице во рамките на Друштвото за цели на потпишување на одредени документи, спогодби и други правни акти во рамките на нивната надлежност.

### Член 48

48.1 Овластувањата, правата, надоместоците, обврските и одговорностите на Извршните членови на Одборот на директори, освен правата и обврските утврдени со закон и овој Статут, поблиску се уредуваат со договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и соодветниот Извршен член на ОД.

48.2 Од името на Друштвото, Договорот го склучуваат Неизвршните членови, а го потпишува Претседателот на Одборот на директори.

48.3 Начинот на уредување на односите утврден во овој член се однесува и на уредувањето на овластувањата, правата, надоместоците, обврските и одговорностите на другите Главни директори и Раководните директори, кои согласно Законот за трговски друштва и овој Статут, ги избира Одборот на директори.

### Член 49

49.1 Извршните членови се обврзани да поднесат писмен извештај на Одборот на директори за работењето на Друштвото најмалку еднаш во секои три месеци.

49.2 Во согласност со законот, Извршните членови се обврзани да поднесат годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото до Одборот на директори, по истекот на деловната година.

### Член 50

50.1. Неизвршните членови на Одборот на директори го надгледуваат работењето на Извршните членови и воопшто работењето на Друштвото и во таа смисла даваат препораки и насоки.

50.2 По барање на Неизвршните членови, Извршните членови се обврзани да изготват посебен извештај за тековната состојба на Друштвото или за одделен аспект на неговото работење.

50.3 Неизвршните членови се овластени да превземат дејствија лично или преку нивен претставник заради информирање за работењето и раководењето на Друштвото од страна на Извршните членови.

## VII. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ НА ДРУШТВОТО

### Член 51

51.1 За голема зделка се смета зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка, односно зделки се однесуваат на стекнување или на отуѓување, или на можно отуѓување, директно или индиректно на имот на друштвото чијашто вредност изнесува над 20% од книговодствената вредност на имотот на друштвото определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото, со исклучок на зделки извршени (остварени) во текот на редовното работење на друштвото, зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акции на друштвото, и зделки поврзани со стекнување на конвертибилни обврзници.

51.2 Во случај на отуѓување или на создавање можност за отуѓување имот, вредноста на овој имот којашто е утврдена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на

друштвото и во случај на стекнување имот, цената на имотот што се купува се споредува со книговодствената вредност на имотот на Друштвото.

51.3 Кога, во согласност со законот, Собранието донесува одлука за одобрување голема зделка, одлуката ја донесува врз основа на проценетата вредност на имотот што се стекнува или отуѓува, определена од Одборот на директорите.

**Член 52**

52.1 Според големината, секоја голема зделка мора да биде одобрена од Одборот на директори или Собранието.

52.2 Одлука за одобрување на секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на Одборот на директори.

52.3 Ако не се постигне согласноста од точка 52.2 на овој член за одобрување голема зделка, Одборот на директори може да одлучи големата зделка за којашто треба да се донесе одлука да ја поднесе на одобрување на Собранието. Одлуката, Собранието ја донесува со мнозинство од претставените акции на Собранието со право на глас.

52.4 Одлука за одобрување голема зделка, чијшто предмет е имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со мнозинство гласови од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

52.5 Одборот на директори на Собранието му поднесува писмено известување за големата зделка, во коешто наведуваат дека Собранието треба да го разгледа предлогот за големата зделка и препораката на Одборот на директори, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува страната, односно страните на зделката, корисникот, односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.

52.6 Во случај ако за остварувањето на големата зделка член на Одборот на директори има личен интерес, односно е заинтересирана страна за нејзиното одобрување, се применуваат одредбите од овој Статут што се однесуваат на зделки на заинтересирана страна.

52.7 Голема зделка, извршена спротивно на одредбите на овој член е ништовна.

**Член 53**

53.1 Секоја зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересираната страна е член на Одборот на директори, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со

заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во постапка во согласност со одредбите на овој Статут.

53.2 Се смета дека лицето од точката 53.1 на овој член е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на друштвото доколку тоа лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив (во натамошниот текст: заинтересирана страна):

1) е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка или
2) поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или
3) е член на Одборот на директори кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таква зделка, или е раководно лице

53.3 Одредбите од точките 53.1 и 53.2 на овој член нема да се применуваат:

1) ако сите акционери на Друштвото имаат интерес во зделката;
2) во случај на остварување на правото на првенствено купување акции, издадени од Друштвото и
3) при стекнување или откуп на сопствени акции.

### Член 54

54.1 Лицата наведени во членот 53 од овој Статут се должни да го известат Одборот на директори:

1) за друштвата во кои тие сами или заедно со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот, односно акции со право на глас;
2) за друштвата во чиишто органи имаат управувачки функции и
3) на нив познати тековни или можни зделки, во кои се заинтересирана страна.

### Член 55

55.1 Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување од страна на Одборот на директори или на Собранието, на начинот и според постапката определена во овој член и Законот за трговски друштва.

55.2 Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на Одборот на директори кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на Одборот на директори се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на Одборот на директори кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за состанокот на Одборот на директори определен во овој Статут, таквата зделка ја одобрува Собранието.

55.3 Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас, и тоа, ако:

1) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на

друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

2) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период и обичните акции во кои може да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или

3) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.

55.4 Во одлуката со која се одобрува зделка со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

55.5 Во постапката на одобрување зделка со заинтересирана страна цената на имотот или услугите кои се продаваат или се купуваат со неа ги определува Одборот на директори.

55.6 Зделката со заинтересирана страна извршена спротивно на одредбите на оваа глава од овој Статут и Законот за трговски друштва е ништовна.

## VIII. ДЕЛОВНА ТАЈНА

### Член 56

56.1 Деловната тајна ја сочинуваат актите, документите и податоците чиешто обелоденување и презентирање на неовластено лице е во спротивност со интересите и угледот на Друштвото.

### Член 57

57.1 Деловната тајна на Друштвото должни се да ја чуваат сите вработени, акционери (нивни полномошници) и членови на Одборот на директори на Друштвото. Должноста за чување на деловната тајна трае најмалку две години по престанокот на работниот однос во Друштвото.

## IX. ОДБРАНА

### Член 58

58.1 Во согласност со Законот за одбрана и интерните акти на Друштвото, Друштвото се подготвува за вршење на телекомуникацискиот сообраќај за време на воена состојба.

### Член 59

59.1 Во воена состојба, Друштвото презема мерки за заштита и спасување на вработените и имотот, вклучувајќи и заштита на телекомуникациските објекти од воени дејствија.

### Член 60

60.1 Во воена состојба, Друштвото има обврска да му даде приоритет на обезбедувањето на телекомуникациски услуги за потребите на Армијата, органите на државната власт и друштвата од посебно значење за одбраната.

## X. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 61

61.1 Преку средствата за јавно информирање и интерните средства за информирање на Друштвото се врши информирање на корисниците на услугите и вработените во Друштвото за сите прашања во врска со работењето на Друштвото.

### Член 62

62.1 Заради навремено информирање на вработените за работата и активностите на Друштвото, Друштвото издава интерно Службено гласило и други стручни информативни списанија.

## XI. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 63

63.1 Друштвото е должно, во согласност со Законот, својата дејност да ја извршува на начин со кој се обезбедува заштита и унапредување на животната средина.

63.2 Заштитата и унапредувањето на животната средина се уредува со општ акт на Друштвото.

## XII. СОРАБОТКА СО СИНДИКАТОТ

### Член 64

64.1 Правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос и на Друштвото (како работодавец), како и обемот и начинот на остварување на правата и обврските и другите одредби за прашања од интерес за работниците и работодавецот, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови се уредуваат со Колективен договор кој се склучува помеѓу Друштвото (како работодавец) и мнозинскиот синдикат.

## XIII. ОПШТИ АКТИ

### Член 65

65.1. Општи акти на Друштвото се: Статут, Правилници, Директиви, Одлуки и други акти утврдени со Законот и овој Статут. Ако некоја одредба од друг акт на Друштвото не е во согласност со Статутот, се применуваат одредбите од Статутот.

65.2 Правата, обврските, одговорностите и другите работи од работниот однос на вработените во Друштвото се уредуваат со колективен договор и со други општи акти на Друштвото.

### Член 66

66.1 Општите акти се објавуваат во интерно гласило на Друштвото или на Интранет страната на Друштвото.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 67

67.1 До донесување или измена на општите акти ќе се применуваат постојните општи акти на Друштвото, доколку не се во спротивност со Законот или овој Статут.

### Член 68

68.1 Овој Статут е подготвен на македонски и англиски јазик, при што и двата се сметаат како оригинали. Во случај на несогласување помеѓу оригиналните текстови на овој Статут напишани на македонски и англиски јазик, преовладува македонската верзија.

68.2 Сите писмени овластувања, покани, одлуки, записници и решенија во врска со, и документите кои се презентираат на, седниците на акционерите или директорите на Друштвото се подготвуваат и презентираат на акционерите или членовите на Одборот на директори, во зависност од случајот, на македонски и на англиски јазик.

### Член 69

69.1 Постапка за измена на овој Статут можат да покренат Одборот на директори, како и акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акции со право на глас. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до Одборот на директорите.

69.2 Предлогот за одлука за измена на овој Статут во којшто се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го утврдува Одборот на директори. Утврдениот предлог за одлука за измена на Статутот мора да биде образложен.

69.3 Измената на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на Статутот, освен ако со одлуката за измена на Статутот не е определен друг датум на влегување во сила.

**Член 70**

70.1 Овој нов Статут ќе се применува од 1 јануари 2014 година.
Од датумот на примена на овој нов Статут, сегашниот Статут на Друштвото (пречистен интегрален текст, Арх. бр. 338852/1 од 07.09.2012 година) престанува да важи.

**Собрание**
**Претседавач**

Измени внесени од Лингва Експерт